

# Прво соопштение

## VII МАКЕДОНСКИ МАТЕМАТИЧКИ КОНГРЕС

### Струга, Северна Македонија, 16 – 20 септември, 2020

Почитувани колеги,

Ни претставува особено задоволство да Ве поканиме на VII Македонски математички конгрес, организиран од Сојузот на математичари на Македонија. Следната 2020 година, одбележуваме двоен јубилеј – 70 години од основањето на Сојузот на математичари на Македонија и 70 години од постоењето на списанието Математички Билтен. Конгресот ќе се одржи во хотел Дрим во Струга, од 16 до 20 септември 2020 година. Тој претставува одлична можност за истражувачите од различни области на математиката да дискутираат за нивните достигнувања, да споделат идеи и да промовираат меѓународна соработка.

На овој Конгрес се добредојдени истражувачи од целиот свет од сите области на математиката и нејзините примени. Програмата на Конгресот ќе опфаќа пленарни предавања и кратки соопштенија, коишто ќе бидат организирани во следниве секции:

1. Реална, комплексна и функционална анализа, диференцијални равенки;
2. Алгебра и дискретна математика;
3. Топологија и динамички системи;
4. Геометрија и диференцијална геометрија;
5. Веројатност, статистика и применета математика;
6. Методика на наставата по математика.

Официјални јазици на Конгресот се англиски и македонски.

Учесниците од Секциите 1–5 имаат можност да ги објават своите трудови во најстарото македонско математичко списание, Математички Билтен (MathSciNet, Zentralblatt für Mathematik, Реферативный журнал математика, EBSCO), а учесниците на Секцијата 6, во Зборник на трудови од VII Конгрес.

## Обука за наставници

Во текот на Конгресот ќе се одржи семинар за наставниците од основното и средното образование на следнава тема:

**СТАТЕГИИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА КРЕАТИВНОСТА ВО НАСТАВАТА ПО МАТЕМАТИКА**

## Предлози за работилници

Предлози за работилници се добредојдени. Предлогот за работилницата не смее да надмине текст од две страници, а треба да обезбеди прелиминарна листа од двајца предавачи и најмалку осум учесници. Формуларот за пријава на работилница може да се преземе од веб страницата на Конгресот.

Организаторот ќе обезбеди регистрација, организациска поддршка и опрема потребна за реализирање на работилницата. Предлозите за работилници ќе се оценуваат врз основа на квалитетот и нивото на деталите од предлогот, темата на работилницата и обемот на програмата.

## Рокови

| | |
|---|---|
| **25 јули 2020** | Краен рок за пријавување работилница |
| **25 август 2020** | Краен рок за регистрација за секциите 1-6 |
| **25 август 2020** | Краен рок за поднесување апстракт |
| **31 август 2020** | Известување за прифаќање на апстракт |
| **7 септември 2020** | Краен рок за регистрација за обуката за наставници |

## Котизација

| Категорија | Порана регистрација (до 15 јуни 2020) | Регуларна регистрација (од 16 јуни 2020, до 15 септември 2020) |
|---|---|---|
| **Секции 1-6** | 80 EUR | 100 EUR |
| **Работилници** | 60 EUR | 60 EUR |
| **Обука за наставници** | 35 EUR | 40 EUR |
| **Придружни лица** | 25 EUR | 30 EUR |
| **Студенти на докторски и постдипломски студии** | 25 EUR | 25 EUR |

Котизацијата ги опфаќа трошоците за објавување на материјалите на Конгресот (книгата со апстракти, печатена програма на Конгресот, документи/сертификати за учесниците за Конгресот), прием за добредојде, паузи за кафе, техничка поддршка и разни дополнителни материјали. Доколку сакаат, учесниците од Секцијата 6 можат да присуствуваат на обуката за наставници бесплатно, но своето учество треба претходно да го најават.

** Свечената вечера не е вклучена во котизацијата. За гостите на хотел Дрим (половина или полн пансион), таа чини дополнителни 4 евра во однос на стандардната вечера, а за учесниците кои не се гости на хотелот, свечената вечера се наплаќа 15 евра на Бирото за регистрација и тоа од хотелскиот персонал. Паркирањето на хотелскиот паркинг е бесплатно за сите учесници на Конгресот.

Од логистички причини, ги молиме учесниците при регистрацијата да најават дали ќе присуствуваат на свечената вечера или не, доколку тоа го немаат најавено во формуларот за регистрација.

## Место на одржување на настанот

Струга е град сместен во југозападниот регион на Северна Македонија кој лежи на брегот на Охридското Езеро и е популарна туристичка дестинација. Од Охрид е оддалечен 12 km (10 минути со автомобил). Реката Црн Дрим тече низ Охридското езеро, и истекува од него во Струга. Реката минува низ средината на градот, продолжувајќи низ Албанија и се влева во Јадранското Море. Одливот на вода кај хотелот Дрим е посебна атракција за секој посетител на Струга. Бреговите на реката Црн Дрим се поврзани со три моста, кои се идеални за мирна прошетка и уживање во прекрасен поглед покрај самата вода. При посета на овој тивок град, има уште неколку места кои ја прикажуваат својата убавина и култура, како што е на пример, Народниот музеј во Струга (со постојана зоолошка колекција на разни животни, птици, риби и инсекти од охридско-преспанскиот регион), куќата на браќата Миладиновци, старата струшка чаршија, старите цркви, манастири и џамии.

**Клима.** Максималните температури на воздухот во септември варираат од 20°C до 26°C, ретко паѓаат под 16°C или надминуваат 30°C. Температурата на водата може да достигне и до 20°C.

## Сместување

Официјално место на одржување на Конгресот е Хотел Дрим во Струга: http://drim.com.mk/

| Ценовник (по лице) | Еднокреветна соба | Двокреветна соба | Трикреветна соба |
|---|---|---|---|
| **Ноќевање со појадок** | 33 EUR | 25 EUR | 18 EUR |
| **Полупансион** | 39 EUR | 30 EUR | 21 EUR |
| **Полн пансион** | 45 EUR | 35 EUR | 25 EUR |

## Активности за дружење

Планирани се неколку активности: прием за добредојде, свечена вечера (види: Котизација) и екскурзија во селото Вевчани. Екскурзијата чини 20 евра (не е вклучена во котизацијата и се плаќа на претставникот на хотелот). Вклучува: превоз, разгледување со водич, вечера, пијалак и музика во живо во ресторанот „Кутмичевица“. За да се реализира, потребен е минимум 25 учесници.

Од логистички причини, ги молиме учесниците при регистрацијата да најават дали се заинтересирани за свечената вечера и/или екскурзијата, доколку тоа го немаат најавено во формуларот за регистрација.

## Организационен одбор

**Претседател:** Ѓорѓи Маркоски

**Заменик-претседател:** Весна Целакоска-Јорданова

**Членови:**

Анета Гацовска-Барандовска,
Валентина Миовска,
Мирко Петрушевски,
Слаѓан Станковиќ,
Катерина Хаџи-Велкова Санева,
Делчо Лешковски,
Васко Речкоски,
Анета Велкоска.
Елена Хаџиева,
Борис Лушески,
Петар Соколоски,

## Програмски одбор

**Претседател:** Никита Шекутковски, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

**Секретар:** Мартин Шоптрајанов, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

**Административен секретар:** Абдула Букла, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

**Членови:**

Татјана Атанасова Пачемска, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија

Владимир Балан, Политехнички универзитет во Букурешт, Романија

Ѓорѓе Баралиќ, Српска академија на науки и уметности, Белград, Србија

Теодор Булбоака, Универзитет „Бабеш-Болјаи“, Клуж-Напока, Романија

Виолета Василевска, Utah Valley University, САД

Александар Липковски, Универзитет во Белград, Србија

Стеван Пилиповиќ, Универзитет во Нови Сад и Српска академија на науки и уметности, Белград, Србија

Тибор Погањ, Универзитет во Риека, Хрватска

Диана Стоева, Австриска академија на науки, Виена, Австрија

Евгенија Стоименова, Бугарска академија на науки, Софија, Бугарија

Ирена Стојковска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Северна Македонија

Костадин Тренчевски, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Северна Македонија

Катерина Хаџи-Велкова Санева, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Северна Македонија

Тони Чехларова, Бугарска академија на науки, Софија, Бугарија

Ристе Шкрековски, Универзитет во Љубљана, Словенија

## Контакт

Сојуз на математичари на Македонија,
Архимедова 3, 1000 Скопје, Северна Македонија
E-mail: 7mmc2020@gmail.com
Интернет страница: http://7mmc2020.smm.org.mk/